ЗЛАТНА БУБАМАРА НА ПОПУЛАРНОСТА СЛАВИ ПОЛНОЛЕТСТВО

## Многу смеење за 18. роденден

Манифестацијата "Златна Бубамара на популарноста" годинава ќе слави полнолетство. Новото 18 издание е под мотото " Смеењето го продолжува животот - а веќе не ни е до смеење", ќе се одржи третата недела во февруари идната година. Од штабот на радио "Бубамара" најавуваат дека ќе биде со знак на сатира, одличен хумор, добра музика и аплаузи за сите добитници на статуетките.

"Златна бубамара секогаш во свој препознатлив сатиричен стил ја дијагностицира и ја лекува нашата реалност и општествена стварност; на наш начин повторно ќе ја прераскажеме изминатата година и ќе ги наградиме најпопуларните уметници од Македонија и од Балканот. Нашата општествена трагедија ќе ја раскажеме во уште една весела и забавна комедија. Затоа им порачувам на сите - опуштете се бидејќи и годинава ќе има многу познати музички ѕвезди и дуети", вели Ранко Петровиќ, организатор на манифестацијата. ***(В.М.)***

ДРАГАН Б.КОСТИЌ ПРОМОВИРАШЕ КНИГА ЗА ХИТОВИТЕ ОД 1981 ГОДИНА

# Направив водич за радио водителите



Фото: Б. Грданоски

*Криво ми е што на промоцијата не дојде ниту еден радиоводител. Оваа книга е забавна, но и едуцира. - Драган Б.Костиќ на промоцијата во Скопје*

Едноставно "1981" се вика новата книга на легендарниот радиоводител и дицеј Драган Б.Костиќ со стории за топ 40 хитови од таа година. Ова е втора книга на Костиќ од едицијата "Заборави ако можеш", која ја реализира со СТ продукција, а беше промовирана со матине во новата зграда на "Телеком" во Скопје завчера.

"Среќен сум што на промоцијата ми дојдоа многу драги луѓе кои со ништо не сум ги задолжил и од нив ништо не сум барал, меѓу нив многу луѓе од мојата младост. Но криво ми е што не дојде ниту еден радиоводител, освен Вики Ристовска. Оваа книга треба да е водич за сите радиоводители во Македонија. Таа е забавна, но и едуцира. Продукцијата која ја организираше промоцијава ", "СТ", тоа се мравки, без нив немаше да успеам", ни изјави Драган за своето дело кое го нарече безбедно патување низ минатото. На веселата промоција, тој додаде оти се надева дека за следната книга, во која ќе раскажува за 1982 година нема да треба да чека долго. Книгата е на 600 страници, а Драган во неа помести 320 музички приказни. ***(М.Ц.)***

# Тамара сними спот за песната од Скопскиот фестивал



Емотивна љубовна приказна раскажана преку танц со светло-сенки, е новиот спот на Тамара Тодевска за песната "Брод што тоне". Со оваа песна, таа го освои второто место на Скопскиот фестивал и награда од 10 илјади евра. Матичната куќа на Тамара, "Горила филмс", е продуцент на спотот, кој се снимаше на главната сцена во МНТ.

Комплетен автор на песната е Роберт Билбилов. Кореографијата во спотот ја осмисли Олга Панго, а танците ги изведуваат врвни македонски балетски играчи. Директор на фотографија во спотот е Александар Крстевски, а режијата и монтажата се на Горан Костадинов. ***(М.Ц.)***

*Приказната во спотот е емотивна и љубовна, раскажана преку танц со светло-сенки.- Тамара со танчарите во спотот*